# Ц Р В Е Н  К Р С Т  О Х Р И Д

**Предлог**

# И З В Е Ш Т А Ј
## за работа во 2017 година

**февруари 2018 г.**

## ВОВЕД

Годишниот извештај на Црвен крст Охрид за 2017 година ги содржи нашите клучни остварувања и резултати, нашите предизвици со кои се соочувавме, партнерите со кои соработувавме и корисниците на нашите услуги кои ги опфативме во текот на 2017 година.

Годината ја одбележа успешно спроведениот изборен процес во организацијата. Изразуваме голема благодарност за раководната структура која успешно ја водеше организацијата во изминатиот мандат и посакуваме топло добредојде за новата раководна структура.

Преку својата мрежа на волонтери со поддршка на вработените Црвен крст Охрид продолжи да биде присутен во секојдневието на луѓето кои се соочуваат со разни предизвици и успеа да ги разбуди насмевките и довербата кај оние кои живееа осамени. Црвен крст Охрид даде придонес во промовирањето на волонтерските иницијативи кај младите за да ја поттикне нивната желба за хуманитарна работа и позитивен исчекор  во нивниот живот. Ги учевме младите за позитивните вредности во животот и иницииравме нивно здружување за реализација на позитивни практики во нашата заедница.

Нашата организација даде посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено-превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Најмладите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат. Бевме и во руралните средини и го учевме населението како да се справи со одредени здравствени предизвици кои се резултат на современиот живот.

Социјалните активности исто така беа суштински дел од нашата работа во изминатата година. Бевме со  генерацијата во трето доба, бевме со децата на улица, со хендикепираните, со социјалните случаи, бездомниците, осамените...

Нашите едукативни и креативни програми за најмладите станаа препознатлив белег и успешна алатка за привлекување на волонтери и ширење на позитивните човечки вредности.

Работевме и дисеминација, спасување на вода и спасување на планина. Бевме активни во подигањето на свеста на населението за климатските промени и намалување на ризиците од катастрофи.

Нашите вработени и волонтери продолжија да бидат најблиските лица од доверба на кои може да смета населението во најразлични ситуации.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

2017 година во нашата организација ќе биде обележена како изборна година во која успешно беа спроведени избори за органи и тела на Црвен крст Охрид кои во претстојниот четиригодишен период, мандат 2017-2021, ќе ја водат организацијата. Изборниот процес се одржа на 24 април 2017 година. Во новиот мандат собранието на Црвен крст Охрид брои 19 членови кои доаѓаат од 16 основни организации и од Клубот на млади. Извештајната година ја оценуваме како успешна во која Црвен крст Охрид во целост ги реализира своите програмски определби, но и оствари бројни вонпрограмски активности со што уште еднаш го потврди своето водечко место како организација која се грижи за потребите на ранливото население.

Големиот број земјотреси кои го погодија Охрид и регионот во јуни и јули 2017 година направија значителна штета на ѕидовите во седиштето на нашата организација, поради што од страна на стручна комисија се изврши проценка на штетата и во периодот на 2018 година очекуваме надомест на штета од страна на Владата на РМ.

**РАКОВОДЕЊЕ**
Во текот на 2017 година беа одржани 10 седници на Раководниот одбор на Црвен крст Охрид, а Собранието на Црвен крст Охрид заседаваше 3 пати. Советодавните тела на Црвен крст Охрид со свои предлози и сугестии учествуваа во изготвување на програмата за работа на Црвен крст Охрид за 2018 г.

## ДИСЕМИНАЦИЈА и ПХВ

**ДИСЕМИНАЦИЈА**
Во текот на извештајната година со дисеминација на знаењата за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина беа опфатени преку 200 лица од сите возрасти, за што со своето искуство, знаење и посветеност се погрижија дисеминаторите на Црвен крст Охрид Љупчо Милковски, Славица Илиќ, Весна Терзиоска, Јованка Сион Доленц.

**НЕДЕЛА НА ЦРВЕН КРСТ**
8 мај Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина и Неделата на Црвениот крст и Црвената полумесечина од 8-15 мај, под мотото ІНасекаде за секогов Црвен крст Охрид ја одбележа со низа активности посветени на роденденот на големиот хуманист, основоположник на движењето на Црвениот крст, Анри Динан. Активностите започнаа со полагање на свежо цвеќе пред бистата на Анри Динан во седиштето на Црвен крст Охрид, а продолжија со отворен ИНФО ден за најмладите од предучилишните установи во Охрид кои ги посетија работните простории на Црвен крст Охрид. Во текот на Неделата на Црвениот крст беше реализирана успешна крводарителска акција со студентите и професорите на ФТУ, Охрид. И оваа година на сите новороденчиња, родени во периодот од 8-15 мај, од страна на волонтерите на Црвен крст Охрид им беа доделени пригодни подароци.

**ЦКА-ПХВ циклус 2017**
Во рамките на Националната програма на Црвен крст на Р.Македонија, Црвен крст во акција-промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), која веќе 17 години се спроведува во Македонија, младите учат за културата како систем на вредности, за културата на дијалог како основен предуслов за градење на интеркултурно општество, и при тоа се поттикнати да бидат активни и да изработуваат мали проекти за добробит на заедницата.
Во 2017 година во рамки на ПХВ циклусот на три последователни обуки беа обучени 35 младинци од средните и основните училишта во Охрид кои, предводени од дисеминаторот Ивана Лилиќ активно се вклучија во изработката на 8 мали проекти со кои помогнаа на повеќе од 100 лица.

**ЦКА-ПХВ Шоу**
Младост, гордост, хуманост, убавина беа најпрепознатливи обележја на ПХВ ШОУ-то кое се одржа на 05.10.2017 во Центарот за култура Григор Прличев во Охрид. Волонтерите од Клубот на млади на Црвен крст Охрид преку театар, пантомима, песна, видео и презентација на проектите ја отсликаа својата хумана активност реализирана во рамки на овогодинешната програма ПХВ-ЦКА, при која изработија 8 проекти со кои помогнаа на 100 наши сограѓани од ранливите категории. Преку 30 младинци на Црвен крст Охрид на многу креативен и едукативен начин се претставија пред бројната охридска публика со испраќање на јасна и силна порака за солидарност, хуманост,

толеранција и почитување на различностите, но испратија и благодарност за сите општествено одговорни фирми, институции, поединци кои ја помогнаа реализацијата на ПХВ програмата 2017.

На оваа манифестација беа доделени и наградите на авторите на трите најдобри раскази и фотографии пријавени на јавниот конкурс за најдобар расказ и фотографија на тема IПрепознавање на различноститев.

## ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

### НЕДЕЛА НА СРЦЕВО-САДОВИ ЗАБОЛУВАЊА

**Превенција за здрав живот**

Во рамки на Неделата на срцево-садови заболувања Црвен крст Охрид со своите медицински тимови, на плоштадот Крушевска република (Чинар) вршеше бесплатни здравствено-превентивни прегледи-мерење на крвен притисок и ЕКГ и даваат корисни совети за превенција и заштита од срцево-садови заболувања. Оваа активност продолжи и во руралните средини во општина Дебрца.

По повод неделата на срцевосадови заболувања, волонтерите од клубот на млади при Црвен крст Охрид изготвија едукативно видео за срцеви аритмии. 30 волонтери во форма на срце, со кореографија која симболизира отчукување на срце ги презентираа најчестите срцеви аритмии, синус тахикардија-забрзано отчукување,синус брадикардија-успорено отчукување, атријална фибрилација-треперење односно неправилна работа на предкоморите и вентрикуларна фибрилација- треперење односно неправилна работа на коморите. Целта беше подигање на свеста кај помладата, но посебно постарата популација за овој тип на заболувања. Линкот до видеото е поставен на ѕоутубе каналот на Црвен крст Охрид: хттпс://њњњ.ѕоутубе.цом/њатцх?в=ВљХ8Ѕт_Јуфк

### Светски ден на РЕТКИ БОЛЕСТИ

Црвен крст Охрид беше дел од глобалната кампања која под мотото **IПридружете ни се за да се слушне гласот на ретките болестив**. Активностите беа насочени кон промоција и информирање на јавноста за лицата заболени од ретки болести и начинот за помош и поддршка на истите со изработка и делење на панделки. Централно случување беше одржување на Марш низ улиците на Охрид, на кој учество зедоа преку 300 ученици од основните и средните училишта во Охрид, кои дадоа поддршка на лицата заболени од ретки болести.

### Поддршка на лицата со дијабет

Во соработка со Здружението на лица со дијабет Тип 1 од Охрид Црвен крст Охрид реализираше еднодневна акција за мерење на шеќер во крвта на сите заинтересирани посетители на настанок кој се одржа на 8 август на Градскиот плоштад Св.Климент Охридски во Охрид. Покрај мерење на шеќер во крвта се вршеа и основни здравствени прегледи мерење на крвен притисок и ЕКГ. Со акцијата беа опфатени преку 300 лица. Во рамки на одбележувањето на Светскиот ден на шеќерна болест во соработка со Центар за јавно здравје Охрид, за старите лица од Програмата за грижа за стари лица при Црвен крст Охрид и Активот на пензионерки при ЗП на Охрид и Дебарца беше реализирано предавање за дијабетот како најраширена болест во денешницата. Предавањето на тема Жените и дијабетот Ђ Нашето право за здрава иднина, го реализира Д-р Слободанка Коцевска, спец. по социјална медицина.

**Светски ден на здравје**

Денот на здравјето 7-ми април се одбележа во соработка со Општина Охрид и основните училишта од Охрид. Целта беше промоција и примена на физичка активност за што беа организирани спортски игри за младите, а волонтерите на Црвен крст Охрид вршеа промоција и едукација за правилно укажување на прва помош и користење на дефибрилатор.

**Мозочен удар**

Голем број охриѓани зедоа учество на настанот за одбележување на Светскиот ден за борба против мозочен удар, кој во организација на Црвен крст Охрид и здружението „Мозочен ударг од Охрид, под мотото „МОЗОЧНИОТ УДАР МОЖЕ ДА СЕ ЛЕЧИг, се одржа на 29 октомври на градскиот плоштад во Охрид. Голем број наши сограѓани ја искористија можноста да го проверат своето здравје преку контрола на нивото на шеќер во крвта, мерење на крвен притисок и ЕКГ при што добија корисни совети и информации од стручни лица-невролог, интернист, како и едукативен материјал за ризик факторите и препознавање на мозочниот удар, начините на превенција и заштита, третман и лекување.
На сите присутни им беше достапен штанд со здрави прехрамбени производи од нашиот партнер во оваа акција, компанијата Биокосмос.

**Ноември-месец на превенција од болести на зависност**

Црвен крст Охрид во рамки на одбележувањето на месецот ноември како месец на борба против болестите на зависност реализира неколку едукативни врснички предавања и предавања од лекар за превенција на болестите на зависност. Спроведени беа 15 работилници во 11 основни училишта и во 4 средни училишта на територијата на општините Охрид и Дебарца. Со едукативните работилници опфатени беа 417 ученици на возраст од 12-13 години и 156 средношколци на возраст од 15-17 години. Со цел подигнување на нивото на општата јавна свест за злоупотребата на алкохолот, дрогите и пушењето, на 21 ноември 2017, д-р Соња Стурлакова Димовска и врснички едукатор Георги Ставрески гостуваа во утринска емисија Охридска Јоклама на телевизија ТВМ.

**Светски ден за борба против ХИВ/СИДА**

1-ви декември Светскиот ден за борба против СИДА и Неделата на борба против СИДА, 1-7 декември, Црвен крст Охрид го одбележи со активности кои беа насочени кон подигне на јавната свест за превенција и заштита од ХИВ/СИДА и кон изразување на поддршка на оние кои што живеат со ХИВ. Младите на Црвен крст Охрид изработија и поделија црвени панделки на вработени во повеќе институции, посетители во градски кафулиња, маркети, продавници, медиуми, а едукатори и инструктори за превенција на ХИВ/СИДА одржаа неколку едукативни работилници за младите од Клубот на млади на Црвен крст Охрид. Во средните и основните училишта во Охрид беа дистрибуирани типизирани предавања за заштита од ХИВ/СИДА кои беа презентирани на учениците на класните часови. Црвен крст Охрид и оваа година доби конкретна поддршка за реализација на активностите насочени кон превенција од ХИВ/СИДА од нашиот традиционален партнер Цанадианс фор Цхилдрен ат Хеалтх Риск од Канада претставувани од Золен Георгиевска која и беше и гостин на Црвен крст Охрид во август 2017.
Реализирани се едукативни предавања, работилници со младите волонтери на Црвен крст Охрид од страна на Д- Јованка Стурлакова Коровешовска (епидемилог) а истотака одржана е и пресс конференција за медиуми. Во соработка со Центарот за јавно здравје спроведени се и доверливо советување и тестирање на кои сите заинтересирани може да го дознаат својот ХИВ статус преку брзи-рапид тество за ХИВ вирус.

## КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Реализација 2017**

Со реализирани 15 крводарителски акции и собрани 1336 крвни единици за 2017 година беа задоволени потребите за крв и крвни продукти на пациентите во здравствените институции во Охрид.

**17 март Денот на крводарителството во РМ**

Со пригодна свеченост во просториите на Црвен крст Охрид во присуство на крводарители, мотиватори, поддржувачи на крводарителството беше одбележан 17 март, Денот на крводарителството во Р. Македонија. По тој повод беа доделени признанија на заслужни крводарители, институции, фирми кои беа вклучени во реализација на програмата за крводарителство во 2017 година. Во текот на 2017 година започна партнерство во мотивирање на крводарителите со Маркети Тамаро што беше крунисано со реализација на заедничка крводарителска акција во септември 2017.

Благодарници и плакети добија: за 50 крводарувања Јордан Мицкоски и Трајан Божиноски. На 15 крводарители им беа доделени благодарници и значки за 25 дарувања крв, 60 крводарители добија благодарници и значки за 10 пати дарувана крв, а на 107 крводарители им беа доделени благодарници и значки за 5 крводарувања.

Највисокото признание **ПЛАКЕТА** за развој, унапредување и омасовување на крводарителството во Охрид и Дебарца, Црвен крст Охрид додели на Студентскиот дом ІНикола Каревв, СОСУ Св. Кирил и Методиј Охрид, Телевизија О2 и на Зоран Тунтев.

Признанија за поддршка на крводарителските акции во 2017 добија локалните медиуми, бројни фирми и
институции.

## ПРВА ПОМОш

Во текот на 2017 година беа реализирани 19 обуки по прва помош во работни организации на кои беа обучени 92 кандидати, како и 20 обуки по прва помош за кадидати за возачи на моторни возила на кои беа обучени 281 кандидати. Обуките по прва помош за кандидати во работни организации и за кандидати за возачи на моторни возила ги спроведуваат лиценцирани инструктори-тренери и демонстратори по прва помош, според соодветна програма за обука.

**Меѓународна соработка во делот на првата помош**

Делегација на Црвен крст Охрид во состав: Д-р Јованка Стурлакова Коровешовска - лекар и предавач по прва помош, Д-р Соња Стурлакова Димовска - лекар и предавач по прва помош, Мартин Лечоски - спасител на вода и возач, Ѓоко Маркоски - лидер на Клуб на млади, Александар Ламбески - член на Клуб на млади, Георги Ставрески - член на Клуб на млади, Драгана Димоска - член на Клуб на млади, Марија Лазареска - член на Клуб на млади (сите обучени за укажување прва помош) престојуваше во Дубровник од 28.04.2017 до 01.05.2017 година на покана на Црвен крст Дубровник. При посетата, нашата делегација зеде активно учество во обезбедувањето и во укажувањето на прва помош на учесниците на трката по ѕидините на Дубровник (29.04.2017) и Дубровничкиот полумаратон (30.04.2017).

**46-ти ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАР ПО ПРВА ПОМОШ**

46-от Општински натпревар по Прва Помош 2017 (ОНПП) во организација на Црвен крст на Република Македонија - Општинска организација Охрид , под мотото *Биди херој, укажи прва помош*, се одржа на 6 мај 2017 година на повеќе локации низ централното градско подрачје. Подготовките со менторите и екипите од училиштата започнаа во месец февруари 2017 година. Сите екипи поминаа по 3 блок часа работа и вежбање и со волонтери-демонстратори по прва помош на Црвен крст Охрид.

Поради голениот број на пријавени екипи, квалификациите за самиот натпревар се одржаа на 5 мај 2017 во 11,00 часот во простириите на Црвен крст Охрид. Сите пријавени екипи од исто училиште се оценуваа на еден идентичен пункт и екипата со најдобро покажани резултати го претставуваше училиштето на самиот натпревар. За кавлификациите беа ангажирани 3 судии (лекари), 4 актери, 3 шминкери за реално прикажување повреди и 5 волонтери - логистика.

Број на пријавени екипи (26):

1. СОСУ Св. Кирил и Методиј - 3
2. ОСУ Св. Климент Охридски - 1
3. ОЕМУЦ Св. Наум Охридски - 1
4. СНСУ Ванчо Питошески - 3
5. ОУ Григор Прличев - 2
6. ОУ Братство - 3
7. ОУ Живко Чинго - 1
8. ОУ Кочо Рацин - 1
9. ОУ Христо Узунов - 2
10. ОУ Дебарца - 4
11. ОУ Наум Охридски - 1
12. ОУ Ванчо Николески - 3
13. ОУ Климент Охридски - 1

На општинскиот натпревар учествуваа 13 екипи од кои 9 подмладок и 4 младина.

На неколку локации низ централното градско подрачје беа поставени 7 пунктови од кои 5 беа работни со повреди, 1 пункт за дисеминација и 1 за забава.

Ангажирани беа 18 судии (лекари), 13 водичи на екипи, 10 волонтери-шминкери на реални повреди, 20 актери, 10 волонтери-логистичка поддршка.

Резултати од натпреварот:

**Подмладок (основни училишта)**

1. ОУ Христо Узунов (769 освоени поени)
2. ОУ Кочо Рацин (743 овоени поени)
3. третото место го делат ОУ Ванчо Николески (738) и ОУ Дебарца (733)

**Младина (средни училишта)**

1. ОСУ Св. Климент Охридски -гимназија (888 освоени поени)

2. СОСУ Св. Кирил и Методиј (827 освоени поени)
3. ЕМУЦ Св. Наум Охридски (806 освоени поени)

Екипата на ОСУ Св. Климент Охридски - Охрид зеде учество на Државниот натпревар по прва помош 2017 кој се одржа во Гази Баба, Скопје, каде го освои 10тото место.

**СВЕТСКИ ДЕН ПО ПРВА ПОМОШ**

Со цел да се укаже на превентибилни или несакани повреди кои се појавуваат во домашни услови и на несреќите во домот кои можат да ги зафатат сите популации, без разлика на нивниот пол, години, приходот или географската положба, темата на одбележувањето на Светскиот ден по прва помош беше ІНЕСРЕЌИ ВО ДОМОТв. Црвен крст Охрид преку повеќе едукатвно-промотивни активности го одбележа Светскиот ден по прва помош. Имено, на 8 септември 2017 година на градскиот плоштад Св.Климент Охридски од 12 часот се презентираа техники за укажување прва помош од страна на инструктори по прва помош и екипи на парамедици на Црвен крст Охрид, со симулации на повреди и несреќи кои можат да настанат во домовите. На 11 септември 2017 година заедно со волонтерите од Програмата за грижа за стари лица се посетија и домовите на стари лица кои живеат сами со цел да им се посочи на некои опасности и несреќи кои можат да се случат во домот и да им се пренесе знаење и техники за укажување на прва помош и самопомош, соодветни на нивната возраст.

**Бројни обуки, показни вежби и ангажмани на тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид**

Со основните знаења и вештини за укажување прва помош се стекнаа повеќе од 60 младинци на 5 работилници организирани од парамедиците и лидерите на тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид.

Стекнатите знаења и вештини за укажување на прва помош тимовите за ПП на Црвен крст Охрид ги покажаа на бројните показни вежби за спасување и укажување на прва помош реализирани во соработка со повеќе субјекти: ТППЕ Охрид, СВР Охрид, Итна медицинска помош.

Повеќе од 60 ангажмани и преку 200 интервенции на тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид при медицинското обезбедување на најразлични културно забавни манифестации, спортски настани, ноќни забави, концерти и фестивали бележиме во текот на 2017 г.

**Врснички обуки за прва помош за младите волонтери**

Црвен крст на Република Македонија - Општинска Организација Охридво текот на 2017та година реализираа два тримесечени курса по прва помош за заинтересирани волонтери кои ќе членуваат во тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид. На првиот пролетен тримесечен курс кој траеше 12 последователни работилници обучени беа 27 волонтери, средношколци, спасители на вода како и медицински сестри. Модератори и едукатори на овој курс беа Марија Ристевска и Ѓоко Маркоски, обучени волонтери за укажување прва помош со знаења стекнати на домашни и интернационални обуки за прва помош. На есенскиот тримесечен курс по прва помош модератори беа Георги Ставрески и Јована Климовска а беа обучени 28 волонтери кои своето знаење го потврдија со полагање на писмен тест и практичен дел со однапред приготвени сценарија за делување и помош при несреќи.

## СОЦИЈАЛНО - ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

**НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА**

Традиционалната хуманитарна акција за Денот и Неделата на борба против гладта 16-21 октомври и овој пат во соработка со Општина Охрид и со успешна реализација. На апелот за собирање на прехрамбени производи и средства за хигиена наменети за социјално најзагрозените семејства од Охрид се одзваа голем број училишта, фирми, институции, здруженија и поединци. Како резултат на покажаната хуманост на охриѓани и високата општествена одговорност на фирми и институции, беа собрани и набавени околу 2 тона прехрамбени производи и средства за хигиена и изготвени и поделени 160 хуманитарни пакети и беше помогнато на исто толкав број социјално загрозени семејства.

**ХУМАНОСТА НА ДЕЛО**

Голем број хуманитарни настани, концерти, забави, изложби во организација на Црвен крст Охрид во 2017 имаа единствена цел да се соберат средства за најразличен вид на помош на ранливите категории на граѓани. Во подготовката и реализацијата на овие хуманитарни настани учествуваа волонтери од сите возрасти и програми на Црвен крст Охрид кои со својата креативност, вештини и посветеност допринесоа за успешност на акциите. Секако, во реализација на хуманитарните настани ја истакнуваме и вклученоста и поддршката на бројните охридски музички звезди. Особено го истакнуваме големиот музички спектакал Хуманитарен Роцкен Моб како прв настан од ваков вид на Балканот, кој собра преку 70 музички изведувачи (вокали, солисти, музички групи) од Охрид и Струга. Тие на 9ти декември 2017 година на Градскиот плоштад во Охрид ги загреаја срцата на бројните охриѓани и гости кои активно го следеа ритамот на познати песни на У2, Љуеен, Пинк Флоѕд, Линкин Парк, Нирвана и АЦ/ДЦ. Овој настан беше поддржан од светската Роцкенемоб асоцијација, а пораката за мир, хуманост, толеранција, солидарност, емпатија и поддршка на ранливите и немоќните, која беше упатена од  настанот, се рашири низ целиот свет преку интернет пренос во живо.

Средствата собрани во собирните каси на Црвен крст Охрид придонесоа за радосни Новогодишни празници да имаат и децата од ранливите категории во Охрид.

**НЕДЕЛА НА СОЛИДАРНОСТ**

Традиционалната Недела на солидарност од 18-24 април уште еднаш ги мобилизира охриѓани да бидат хумани и на најразличен начин, преку донирање на финансиски средства, прехрамбени производи, средства за хигиена, ќебиња, облека и обувки,  помогнаа на преку 150 семејства од Охрид и Дебарца за задоволување на основните социјални потреби. Покрај бројните фирми, институции и училишта, во акцијата се вклучија и поединци со свои донации. Во подготовка и дистрибуција на помошта беа вклучени 15 волонтери на Црвен крст Охрид.

**ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА**

Програмата на грижа за стари лица на Црвен крст Охрид ја спроведуваат 20 возрасни волонтери на Црвен крст Охрид кои со подршка на стручната служба опслужуваат повеќе од 50 стари лица (свои врсници) во Охрид и Дебарца со обезбедување на најразлична помош. Групата волонтери за поддршка на старите лица со своето искуство од различни области на живеењето, своите вештини и креативност беа вклучени во голем број хуманитарни настани кои ги реализира Црвен крст Охрид. Во рамки на одбележувањето на Неделата на грижа за стари лица од 14-21 ноември медицинските тимови на Црвен крст Охрид во соработка со здружението ІМозочен ударв ги посетија старите лица во селата во општина Дебрца и општина Охрид при што вршеа здравствени прегледи (мерење на крвен притисок, шеќер во крвта, ЕКГ) и поделија топла облека, ќебиња и хуманитарни пакети. Во рамки на Неделата за грижа за стари лица од страна на Претседателот на здружението Мозочен удар Д-р Маја Божиновска Смическа за старите лица од Здружението на пензионери на Охрид и Дебарца беше реализирано предавање за деменција.

**Меѓународен ден на стари лица**
Во пресрет на 1-ви октомври, Меѓународниот ден на стари лица, волонтерите од Програмата за грижа на стари лица *Најди време* во рамки на Црвен крст Охрид, се вклучија во хуманитарната спортско-рекреативна акција *За посреќно детство* (на 30.09.2017) со промоција на својата програма, дружење со корисниците на програмата како и меѓугенерациско дружење со младите волонтери. Не изостана спортскиот дух, па така учествуваа во повеќе спортски дисциплини како пикадо, шах па се изпробаа во практикување на вештини од СМЕА-ЈОГА, програма која истотака се реализира во Црвен крст Охрид.

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**
**18 октомври - Европскиот ден за борба против трговија со луѓе** Црвен крст на Република Македонија Општинска организација Охрид го одбележа со две работилници адаптирани на возраста кои се реализираа на 18.10.2017 со волонтерите од Клубот на млади при Црвен крст Охрид и ученици од средните училишта. Целта на работилниците беше да се подигне свеста и да се прошират знаењата за трговијата со луѓе, каде приоритет се даде на превенцијата пред се на самите себе и своите најблиски од најтешкиот облик на ропство, жртви на трговија со луѓе. Истотака, во рамки на одбележувањето на Неделата за борба против трговијата со луѓе на 04.12.2017год. се одржа работилница со ученици од ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски„Охрид . На работилницата присуствуваа 25 ученици од прва година кои преку интерактивни вежби се запознаа и ги надградија своите знаења за превентивата од најтешкото ропство на денешницата Трговија со луѓе.

**Традиционален Предновогодишен ручек**
Традиционалниот хуманитарен Предновогодишен ручек и оваа година се реализира во соработка со локалната самоуправа, Градоначалникот на Охрид и средното угостителско училиште IВанчо Питошескив. 150 социјално загрозени лица, од кои 80 деца уживаа во специјалитетите што ги подготвија говачите во угостителското училиште, а најмладите најповеќе се радуваа и забавуваа со Дедо Мраз и волонтерите на Црвен крст Охрид. За сите нив беа обезбедени и новогодишни пакетчиња.

**Активни тимовите за социјална помош и поддршка**
Голем број опожарени објекти во Охрид, лица кои останаа без објект за домување беа помагани од волонтерите на Црвен крст Охрид преку целата година. Волонтерите беа активни и за време на студениот бран што во текот на јануари го зафати Охрид и регионот, посетувајќи и помагајќи на жителите во руралните средини.

**Бесплатен одмор за деца од социјален ризик**
Во организација на Министерсто за труд и социјална политика децата од семејствата со социален ризик и деца корисници на посебен додаток од градовите Охрид,Ресен, Битола им беше овозможено бесплатен одмор и рекреација во Детското одмаралиште IБегова Корија в-Крушево во периодот од 12-17.01.2017 година .За време на зимскиот одмор и рекреација се ангажира волонтер од Црвениот крст Охрид кој се грижеше за децата од самото тргнување до враќање на децата во своите градови, Валентина Краѓуле Модева. Истотака, ангажиран беше волонтер на Црвен крст Охрид, Јован Јованоски, за третата смена на бесплатен одмор на деца во одморалиштето IМајски Цветв Ђ Струга во период од 27.07 до 02.08.2017 година.

# ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

**Обуки за спасители на вода организирани во 2017**

Центарот за безбедност на вода Охрид, во периодот од 19 до 26 јуни и од 27 јуни до 03 јули 2017 година, организираше и спроведе две обуки за спасување на отворени води, првата во Охрид и втората во Струга. На обуката во Охрид од вкупно пријавени 44 кандидати, истата успешно ја завршија 28 кандидати кои се стекнаа со звање спасител на вода, а на обуката во Струга од вкупно пријавени 12 кандидати, обуката успешно ја завршија 7 и се стекнаа со назив спасител на вода/помлад спасител на вода. Обуките ги водеа инструкторите Звонко Секулоски, Миодраг Цекиќ, Ристе Филипов и Горан Миланоски.

Дебар?

На наша голема жалост во 2017 година во тешка сообраќајна несреќа згасна еден млад живот на наш волонтер и спасител на вода, Ѓорѓи Трајковски од Битола. Беше човек секогаш насмеан, позитивен и подготвен во секое време да помогне онаму каде е најпотребно. Нека му е вечна слава.

**Ангажмани 2017**

Центарот за безбедност на вода Охрид во 2017 година, односно во текот на летната туристичка сезона имаше ангажирано 78 спасители на вода, кои се грижеа за безбедноста на посетителите на 42 капалишта на Охридското и Преспанското езеро. За време на двомесечниот ангажман спасителите на вода 28 пати интервенирале на извлекување на активни давеници и преку 800 пати имале интервенции на укажување прва помош.

Спасителите на вода на Црвен крст Охрид беа ангажирани и на бројни спортски, културно-забавни и верски манифестации во текот на годината: Водици, Илинденски пливачки маратон, Едриличарска регата, Државно првенство во кајак и кану, музички настани на Охридските ноќни клубови и капалишта...

**Показни вежби**

Во рамки на посетата на претставници на Црвен крст на Норвешка на Црвен крст на Град Скопје, Црвен крст Охрид ја претстави работата на својата организација со акцент на делувањето на Единицата за безбедност на вода при што тимови за спасување на вода и тимовите за прва помош во Охридското езеро изведоа показна вежба на спасување на давеници и укажување на прва помош.

**Единицата за спасување на планина и непристапни терени**

Теренски ангажмани имаше и Единицата за спасување на планина и непристапни терени, како во изведување на обуки, така и во реални акции на спасување. Но секако, најголемиот ангажман на спасителите на планина е почетокот на работата на проектот Регионот Охридско езеро - Безбедна дестинација за авантуристички туризам финансиран со средства од ИПА 2 програмата на Европската унија. Тоа е предизвик кој во наредните 2 години ќе овозможи Охрид и поширокиот регион добијат современа спасителна служба, опремена по сите светски стандарди и подготвена да делува во случај на потреба.

**Светски ден за безбедност на планина -15 јануари 2017**

По повод светскиот ден за безбедност на планина (15-ти јануари) и православна Нова година - Василица, викендот од 13 до 15.01.2017 година, во рамки на своите редовни вежбовни активности, беше одржана тренинг вежба за безбедно логорување во зима, како и пребарување и спасување на настрадани во лавина.

На овој начин, членовите на Единицата за спасување на планина и непристапни терени при Црвен крст Охрид, кои воедно се и членови на АК ПАТАГОНИЈА и на СПК МАГАРО од Охрид, го одбележаа Светскиот ден за безбедност на планина, со што до сите вљубеници во планините и планинските спортови, сакаат да испратат порака дека ведукацијата и тренингот се основа за безбедно движење и престој на планинаг.

**Активно учество во Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и РЦУК Охрид**
Во 2017 година, Црвен крст Охрид зеде активно учество во работата на Штабот за заштита и спасување при Општна Охрид и во Регионалниот Центар за управување со кризи РЦУК Охрид.

## МЛАДИТЕ ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

**МЛАДОСТ, КРЕАТИВНОСТ, ЕНЕРГИЈА**
Младите волонтери на Црвен крст Охрид беа вклучени во најголемиот број активности од сите сфери на делување на Црвен крст Охрид. Нивната посветеност, креативност и енергија беа двигатели на активностите во Црвен крст Охрид. Препознавајќи ја можноста да се изградат како високо морални, совесни и одговорни луѓе, да стекнат нови знаења и вештини од најразлични области, младите масовно пристапуваат и се дел од Црвен крст Охрид. Организирани во Клуб на млади тие даваат драгоцен придонес во развојот на нашата организација.
Во 2017 година беа спроведени и избори за лидер и заменик лидер на Клубот на млади на Црвен крст Охрид. Наредните две години Клубот на млади ќе го води Бисера Николоска, а за заменици лидери избрани се Ристе Лекоски и Јаков Јованоски.

**Бројни активности на младите**
Младите на Црвен крст Охрид учествуваа во организација и реализација на бројни активности од делот на здравствено-превентивната дејност: врснички едукативни работилници за болестите на зависност, сексуално преносливите болести, подигање на нивото на свеста кај населението за ретките болести. Нашите младинци успеваа навремено да стигнат до најодалечените места за да помогнат со достава на хуманитарни пакети и друга помош на ранливите категории на граѓани. Беа активни учесници во подгототвка и реализација на бројни хуманитарни концерти, продажни изложби, спортски хуманитарни настани, едукативни работилници.

**Учество на кампови и меѓународни средби**
На покана на Црвен крст Крагујевац, Р. Србија, во периодот од 31.03.2017 до 02.04.2017 година на собирот организиран по повод одбележувањето на 31-годишнината од работата и постоењето на младинската теренска единица вДр. Елизабет Росг учество зедоа тројца млади волонтери од Клубот на млади: Јована Маркоска, Тамара Танковска и Мартин Лечоски.

Во периодот од 06.10.2017 до 08.10.2017 на покана на Црвен крст Ужице (Р. Србија) на Годишните Младински средби БРЕ 2017 организирани за млади волонтери од регионот учество од Клубот на млади зедоа Ристе Лекоски и Лео Спасески.

Во рамки на програмата за млади, двајца претставници на Клубот на млади на Црвен крст Охрид, Ристе Лекоски и Јаков Јованоски учествуваа на младинскиот камп во организација на ЦКРМ кој се одржа во јули во Едукативниот тренинг центар на Црвен крст Охрид во Велестово. На кампот се разговараше за

предизвиците на младите во рамки на организацијата на Црвен крст и насоки и начини за успешно менаџирање со младите во реализација на календарските активности на Црвениот крст.

На ден 12.09.2017 година Црвен крст Охрид реализираше донација на училишен прибор наменет за првачињата кои потекнуваат од социјално-загрозени семејства од општините Охрид и Дебарца. Шест волонтери од Црвен крст донираа вкупно 114 училишни прибори во 7 основни училишта (ОУ вСв. Климент Охридскиг Ђ 23, ОУ вДебарца-Дебарцаг Ђ 15, ОУ вБратство единствог- 15, ОУ вХристо Узуновг Ђ 27, ОУ вКочо Рацинг Ђ 10, ОУ вВанчо Николески - с.Лескоецг Ђ 14, ОУ вЖивко Чинго - с.Велгоштиг Ђ 10). Собирната акција ја спроведоа сите млади од Клубот по мотото Даруваме радост на првачињата.

## СВЕТСКИ ДЕН НА ВОЛОНТЕРСТВОТО

Светскиот ден на волонтерството Црвен крст Охрид но и во чест на Св. Климент Охридски-патронот на градот го одбележа на 09.12.2017 година на Градскиот плоштад во Охрид со организирање на првиот балкански музички перформанс РОЦКеНеМОБ (Рок мобилизација), со хуманитарен карактер. Повеќе од 50 изведувачи, музички групи и пеачки вокали од Охрид и Струга ги загреаја срцата на бројните охриѓани и гости кои активно го следеа ритамот на познати песни на У2, Љуеен, Пинк Флоѕд, Линкин Парк, Нирвана и АЦ/ДЦ во изведба на нашите талентирани музичари. Овој настан беше поддржан од светската Роцкенемоб асоцијација, а пораката за мир, хуманост, толеранција, солидарност, емпатија и поддршка на ранливите и немоќните, која беше упатена од настанот, се рашири низ целиот свет преку интернет пренос во живо. Средствата собрани во собирните каси на Црвен крст Охрид придонесоа за радосни Новогодишни празници да имаат и децата од ранливите категории во Охрид. #РоцкнмобОхрид

## ЗА ПОСРЕЌНО ДЕТСТВО ПО 11 ПАТ

Црвениот крст од Охрид и Стоматолошкиот центар ІД-р Баткоскив по единаесетти пат ја организираа традиционалната хуманитарна, спортско-рекреативна акција ІЗа посреќно детствов, пред се неменета за младите но и за возрасните. Преку 500 деца од предшкослките установи, основните и средните училишта се дружеа, спортуваа, се забавуваа и уживаа во разновидните спортско-рекреативни, здравствено-едукативни и културно-забавни содржини. Главната трка го означи стартот на оваа акција по која младите го покажаа својот спортски дух натпреварувајќи се во фудбал, баскет, бадминтон, тенис, хокеј на трева, пикадо, шах, прецизно возење велосипед, скокање со јаже, вртење хулахоп.

Најкреативните беа дел од ликовното катче на Стоматолошкиот центар ІД-р Баткоскив, кој во соработка со ресторанот ІВиа Игнациав од Вевчани за најмладите подготвија богата Іовошна шведска масав и бројни награди, а тимот на Стоматолошкиот центар ІД-р Баткоскив делеше совети за подобро дентално здравје и здрави животни навики кај децата.

За забавниот дел од програмата се погрижија распеаните ІРибарчињав. Своe катче на градскиот плоштад имаа и младите од Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид, како и програмата Детски час за приказни на англиски јазик.

На манифестацијата учествуваа и највозрасните волонтери на Црвен крст Охрид кои ја спроведуваат програмата за грижа за стари лица. Тие го одбележаа 1-ви октомври, Меѓународниот ден на стари лица, со промоција на програмата и дружење со корисниците на програмата. И кај нив не изостана спортскиот дух, па се Іпробаав во практикување на вештини од програмата СМЕА-ЈОГА.

Средствата собрани од продажбата на учеснички броеви за акцијата се наменети за помош на децата со здравствени потешкотии од социјално загрозените семејства во Охрид и Дебарца, а учесничките броеви учествуваа во голема наградна игра со преку 50 вредни награди.

**КУКЛА ТЕАТАР**

Во рамките на меѓународната соработка на Црвен крст Охрид, во период од 19-22.07.2017 година, група од 4 волонтери присуствуваа на семинарот ІКуклен театарв во Крагуевац. Овој семинар беше во организација на ЦК Крагуевац во соработка со германската организација ІЈанунв од Хановер, и воедно предавачите беа од двете организации. На семинарот учествуваа 20 волонтери од следните организации: ЦК Охрид, ЦК Крагуевац, ЦК Ужуце, ЦК Требиње, ЦК Бар, ЦК Суботица и ЦК Плав.
Целта на овој семинар беше волонтерите кои работат со деца да стекнат нови вештини, да се обучат за користење на куклата како дел од работата со деца и при тоа да се збогатат едукативните содржини наменети за деца на возраст од 4-9 години. Всушност, ние бевме обучени како да спремиме мала куклена претстава во времетраење од 5-10 минути како алатка која може да се користи во секоја програма наменета за деца. Од Црвен крст Охрид учество зедоа Јованка Сион Доленц, Мартин Лечоски, ЕваМарија Баткоска и Климентина Гилевска.

## ЦРВЕН КРСТ ОХРИД - АКТИВНОСТИ ПЛУС

**БОБ**

Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид кој веќе 7 години е лидер во едукацијата на младите од 4-14 годишна возраст со Меѓународно признатa и познатата Бреинобреин програма и во 2017 година нанижа големи успеси. Децата од нашиот центар на петтиот Државен натпревар на БОБ програмата во Скопје во конкуренција на 600 натпреварувачи од 15 центри во Македонија беа најуспешни со освојување на 30 трофеи, 23 златни и 4 сребрени медаљи. Успехот се должи на посветеноста на децата, но и родителите на оваа програма, како и професионалноста и ангажманот на тренерите на оваа програма Валентина Кузманоска, Билјана Николоска и Христина Кузманоска.

**ВДИШИ ТЕАТАР**

Во организација на Црвен крст Охрид се реализира четвртото издание на Меѓународниот аматерски театарски фестивал ІВдиши театарв (1-4 јуни 2017 година) на кој учество зедоа преку 40 млади актери-аматери, волонтери на Црвен крст Ужице, Суботица, Крагуевац, Требиње, Бар и Охрид. Тие, преку своите театарски претстави упатија силна порака за мир, хуманост, толеранција и солидарност.
Претставата ІБагажв на театарската група на Црвен крст Охрид со која беше отворен четвртиот Вдиши театар, беше прикажана од страна на нашите актери предводени од режисерите на претставата Весна Терзиоска, Јованка Сион Доленц и Емилија Блажеска, на театарската сцена во Суботица

**ТОЕФЛ**

Во 2017 година се реализираа еден пролетен циклус за подготовка за полагање на испитот за англиски јазик ТОЕФЛ кој беспрекорно ги водеше волонтерот на Американскиот мировен корпус во Македонија Алеџандер Јонес.

**ДЕТСКИ ЧАС ЗА ПРИКАЗНИ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

Во пролетен и есенски циклус преку 80 деца од 4-6 годишна возраст ја следеа програмата на Црвен крст Охрид Детски час за приказни на англиски јазик. Покрај можноста да слушаат познати приказни на англиски јазик, да ја изразат својата креативност преку изработка на најразлични

предмети и фигури, посетителите на програмата во есенскиот циклус, заедно со своите родители и тренерите на програмата реализираа едукативна екскурзија во Скопје каде го посетија Детскиот едукативен центар Жабец и Зоолошката градина. Во есенскиот циклус на радост на децата еден поинаков час за дружење со книгата беше организиран во продавницата на Просветно дело АД Скопје во Охрид.

**СИЛНА АЛКА**
Тема на Меѓународната програма СИЛНА АЛКА која се одржа во Ужице во организација на Црвен крст Ужице од 22-25 мај 2017 година беше Менаџмент со волонтери, маркетинг и комуникација. Ова беше уште една можност за размена на искуства, вештини и знаења за начините за привлекување и менаџирање со волонтерите, помеѓу учесниците на овој настан од организациите на Црвен крст од Суботица, Ужице, Крагуевац, Требиње, Бар и Охрид.

**СМЕА-ЈОГА**
Смеа и јога за здрав живот практикуваа голем број волонтери и членови на Црвен крст Охрид во бројни работилници што под водство на Јорданка Станковиќ се реализираа во Црвен крст Охрид.

**ВЕЛЕСТОВО-КАМП-ОУ Св. Климент Охридски**
Пред крај на учебната година Црвен крст Охрид во Едукативниот тренинг центар во Велестово реализира едукативен детски камп за ученици од основното училиште Св. Климент Охридски. Креативноста на наставниците кои го предводеа кампот направија децата да се чувствуваат исполнето и задоволно.

## ИНФОРМИРАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

**ОТВОРЕНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА**
Активностите кои Црвен крст Охрид ги организираше и реализираше во текот на 2016 беа најавени и објавени и за нив се известуваше во сите локални медиуми, а дел и во националните средства за јавно информирање. Преку јавност и отчетност во нашата работа го креираме имиџот и угледот на Црвен крст Охрид.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

**ИНТЕНЗИВНА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
Богатата и интензивна меѓународна соработка на Црвен крст Охрид со сродни организации од странство резултираше со неколку работни посети, размена на искуства и надградба на човечките и материјално-техничките капацитети на организацијата:

- Делегација на Црвен крст Зеволде, Холандија беше во посета на нашата организација каде се креираше натамошната заедничка соработка, а се реализира и донација на униформи од страна на Црвен крст Зеволде
- Бевме домаќини на делегација на раководството на Црвен крст Хрватска предводена од Генералниот секретар, Роберт Маркт.
- Реализација на заеднички активности со делгации на организации на Црвен крст од Крагуевац, Ужице, Суботица-Србија, Бар-Црна Гора и Требиње-Босна и Херцеговина: Аматерски театарски фестивал ІВдиши Театарв и Меѓународен летен камп ІСилна Алкав.
- На покана од ООЦК Суботица, 10 младинци и 3 ментори од аматерската театарска група ІВдиши театарв при ООЦК Охрид беаучесницина меѓународниот младински камп ІСЕКАДЕ ЗА

СЕКОГОв од 24 до 27 август во Суботица, Р. Србија. Дружењето со своите врсници од организациите на Црвен крст од Суботица, Ниш, Ужице, Крагуевац (Србија), Тиват, Даниловград (Црна Гора), Ровињ (Хрватска), Требиње (Босна), и од Унгарија овозможи воспоставување на нови пријателства и контакти, а учество на бројните содржини на кампот го подигна нивото на знаења, кај нашите волонтери во различните области на делување на Црвениот крст.

- 31.03.2017 до 02.04.2017 година учество на млади на собирот организиран по повод одбележувањето на 31-годишнината од работата и постоењето на младинската теренска единица вДр. Елизабет Росг, Црвен крст Крагујевац, Р. Србија.
- 06.10.2017 до 08.10.2017 учество на млади на Годишните Младински средби БРЕ 2017 на покана на Црвен крст Ужице (Р. Србија).
- Делегација на Црвен крст Охрид составена од 8 волонтери (лекари и обучени младинци за укажување прва помош) зеде активно учество во обезбедувањето и во укажувањето на прва помош на учесниците на трката по ѕидините на Дубровник (29.04.2017) и Дубровничкиот полумаратон (30.04.2017) на покана на Црвен крст Дубровник, Р. Хрватска.
- Четиричлена делегација на Црвен крст Охрид во состав: Сашко Точков - претседател, Мимоза Ставрева - секретар, Славица Илиќ - волонтер и член на Раководен одбор и Антонио Додевски - Раководител на Единицата за спасување на планини и непристапни терени на покана на Црвен крст Бамберг престојуваа во Бамберг во периодот од 05.06.-09.06.2017 година. 2017-та година се одбележува 30 години од официјалното потпишување на Спогодбата за збратимување на двете организации (1ви мај 1987 година).
- Во рамките на меѓународната соработка на Црвен крст Охрид, во период од 19-22.07.2017 година, група од 4 волонтери присуствуваа на семинарот ІКуклен театарв во Крагуевац. Овој семинар беше во организација на ЦК Крагуевац во соработка со германската организација ІЈанунв од Хановер, и воедно предавачите беа од двете организации. На семинарот учествуваа 20 волонтери од следните организации: ЦК Охрид, ЦК Крагуевац, ЦК Ужуце, ЦК Требиње, ЦК Бар, ЦК Суботица и ЦК Плав.

## СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Службата за барање е посебна служба во Црвениот крст на Република Македонија, чија функција е да ги извршува работите околу известување за жртви од вооружени конфликти и елементарни несреќи со цел лицата заштитени со Женевските Конвенции и Дополнителните протоколи да можат да ги остварат своите права кои се предвидени со тие прописи.
Во текот на изминатата 2017-та година, Службата за барање на Црвен крст Охрид немаше ниту еден регистриран случај за пронаоѓање на семејни врски и воспоставување на контакт.

## МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

Изразуваме голема благодарност до сите поддржувачи, помагатели и донатори на активностите на Црвен крст Охрид кои во текот на 2017 година со својата хуманости конкретна помош допринесоа за успешна и ефикасна реализација на нашите програми со што се помогна на голем број лица со социјален ризик и здравствени потешкотии.